МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став 7 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПУВАЧИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПНИТЕ МЕСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

**Член 1**

Во Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.102/10, 144/10, 156/11 и 40/13) во членот 2 зборовите: „и винско грозје" се заменуваат со зборовите:

„винско грозје и мед".

**Член 2**

По членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

**„9-а**

(1) Откупот на мед се врши во собирно дистрибутивен центар.

(2) Откупувачот за да врши откуп на мед на откупното место од став (1) на овој член покрај условите од член 4 на овој правилник треба да ги исполнува и следните услови:

- да располага со следните објекти:приемна просторија, главна просторија, помошна просторија и магацински простор и

- да располага со следната опрема: садови кои се изработени од некородирачки материјали, вага, комора за декристализација на мед и комора за филтрирање на мед."

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-18076/3

19 септември 2013 година

Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,

Љупчо Димовски, с.р.